**Во однос на се позачестените непотврдени анализи и информации кои во изминатиот период беа објавени во јавноста, а поврзани со мерките за обезбедување присуство кои се определуваат од страна на Кривичниот суд, по изработена прверка во системот и рачно пребројување на предметите, а со цел транспарентно и точно инфромирање на граѓаните, ја објавуваме статистиката поврзана со овие прашања која може да им биде од корист на сите претставници на медиумите и невладини организации заради научно истражувачка дејност и објектинво информирање.**

***2015 ГОДИНА***

***1.*** Според годишниот извештај за работа на судот во 2015 година во **Одделот претходна постапка** имало 940 предмети во работа од кои :

Од вкупниот број на предмети, Јавниот обвинител во 151 предмет предложил мерка за обезбедување присуство согласно одредбите на ЗКП, па така во 121 предмет била предложена мерка притвор од кои во 116 предмети предлогот бил прифатен од судија на овој суд, во 4 предмети бил одбиен и била определна мерка куќен притвор и во 1 предмет предлогот за притвор бил одбиен и била определена гаранција.

Во 30 предмети по предлог на обвинителството биле опредлени некои од другите поблаги мерки за претпазливост.

Од определената мерка притвор, во овој оддел за околу половина од лицата, притворот бил определн во скратена постапка во траење од **8 дена**, според основите од член **470 ст.1 т. 1 и т. од ЗКП** односно поради:

- Основано сомнение дека лицето може да се даде во бегство (ст.1 т.1) и
- Во прашање е кривично дело против јавниот ред или моралот, а особени околности го оправдуваат стравувањето дека ќе го повтори делото или ќе го стори кривичното дело со кое се заканува (ст.1 т.2)

А за другите лица, мерката притвор по предлог на обвинителството е определна во траење од **30 дена** и тоа важно е да се потенцира дека обвинителството поднело предлог по сите основи од член **165 ст 1, точка 1, 2 и 3** односно поради:

- Основано сомнение дека лицето може да се даде во бегство (точка 1)
- Стравување дека може да влијае врз сведоци или да ја попречи истрагата (точка 2), и
- Основан страв дека може да го повтори делот или стори делото со кое се заканува (точка 3)

**Во овој оддел во текот на 2015 година само во 1 предмет против две лица мерка притвор е опредлена по предлог на обвинителството кој ги содржи само основите од член 165 ст.1 т. 2 и 3 односно без основите од точка 1 – Опасност од бегство.**

Останатите 789 предмети, се предмети оформени по предлози на странки, а по однос на други дејствија по кои е надлежен да одлучува судија на претходна постапка.

**Во понатамошниот тек на постапката мерката притвор определна за првпат, била укината, продолжена или заменета за поблаги мерки во зависност од потребите за обезбедување присуство во конкретна постапка.**

***2.*** Во **Одделот претходна постапка на организиран криминал и корупција** изминатата година имало вкупоно 590 предмети во работа, од кои:

Јавниот обвинител, од вкупниот број на предмети во 144 предмети предложил определување мерка за обезбедување присуство согласно одредбите на ЗКП, па така во 80 предмети била предложена мерка притвор во траење од 30 дена од кои во 74 предмети предлогот бил прифатен од судија на овој суд, во 3 предмети предлогот бил одбиен и определена мерка куќен притвор, во 1 предмет предлогот за притвор бил одбиен и определна е мерка претпазливост, во 1 предмет предлогот бил целосно одбиен без да се определат било какви други мерки, а во 1 предмет постапката била запрена.

Во 48 предмети јавниот обвинител предложил мерка притвор во скратена постапка во траење од 8 дена од кои во 43 предмети предлозите биле прифатени, а 5 одбиени со определување поблаги мерки за претпазливост. Од останаите предмети по предлог на обвинителството во 14 предмети била определна мерка претпазливост, а во 1 предмет била определна мерка куќен притвор.

Мерка притвор во скратена постапка по предлог на обвинителството во траење од **8 дена**, е определена, според основите од член 470 ст.1 т. 1 и 470 ст. т. 1 и ст. 2т.2 од ЗКП,

Додека мерката притвор по предлог на обвинителството во траење од **30 дена** е определна по сите основи од член 165 ст 1, т. 1, 2 и 3, а нема ниту еден предмет каде мерката притвор била определена без предлогот на обвинтелствот да го опфати основот од точка 1, односно опасност од бегство.

Останатите 446 предмети, се предмети оформени по предлози на странки а по однос на други дејствија по кои е надлежен да одлучува судија на претходна постапка.

**Во понатамошниот тек на постапката мерката притвор определна за првпат, била укината, продолжена или заменета за поблаги мерки во зависност од потребите за обезбедување присуство во конкретна постапка.**

***3.*** **Судот исто така постапува и по предлози на Обвинителството за определување мерка притвор, и при одлучување на Кривичните совет во предмети за повторување на постапката кои треба да се земат во предвид како статистички податоци на постапување по предлог за определување мерка за обезбедување присуство на обвинет заради непречено водење на постапката. Овие предлози за определување мерка притвор во најголем процент биле**

**одбивани од Кривичните совети на овој суд, а наместо мерка притвор се определени други поблаги мерки за обезбедување присуство предвидени со ЗКП.** Па така:

Според статистиката за **2015 година**,

- За 102 лица судиите во Кривичниот суд го одбиле предлогот на обвинителството за определување мерка притвор и определиле други поблаги мерки за обезбедување,
- За 41 лице судот во целост го одбил предлогот за определување мерка притвор без притоа да определи било какви други мерки,
- За 51 лице судот утврдил дека мерката притвор е неопходна за обезбедување присуство во конкретна постапка.

***2014 ГОДИНА.***

1. Според годишниот извештај во текот на 2014 година во **Одделот– претходна постапка** во текот на извештајната година имало вкупно 994 предмети во работа, од кои:

Од вкупниот број на предмети, Јавниот обвинител во 194 предмети предложил определување мерка  за обезбедување присуство согласно одредбите од ЗКП, па така во 163 предмети предложена е мерка притвор, од кои во 155 предмети предлогот бил прифатен од судија на овој суд, во 5 предмети предлогот бил одбиен и определена мерка куќен притвор во 3 предмети предлогот за притвор бил одбиен и биле определени поблаги мерки за претпазливост.

Од другите предмети - во 30 по предлог на обвинителството биле определни само мерки за претпазливост, а во 1 предмет мерка куќен притвор.

Мерка притвор во скратена постапка во траење од **8 дена** по предлог на обвинителството била определна според  основите од член 470 ст.1 т. 1 и т.2 од ЗКП, додека притворот по предлог на обвинитеслтвото во траење од **30 дена** бил предложен и опредлен  по сите три основи од член 165 ст 1, точка 1, 2 и 3. Во текот на 2014 година нема ниту еден предмет каде е определна мерка притвор, а предлогот на обвинителството да не ги содржи основите од т.1., а мерка притвор по предлог на обвинителстовто само по основите од член 165 ст. 1 т. 1 односно само основот – Опасност од бегство, е определно и против 16 лица, но тоа најчесто се однесува на екстрадиционен притвор.

Останатите 831 предмети, се предмети оформени по предлози на странки а по однос на други дејствија по кои е надлежен да одлучува судија на претходна постапка.

**Во понатамошниот тек на постапката мерката притвор определна за првпат, била укината, продолжена или заменета за поблаги мерки во зависност од потребите за обезбедување присуство во конкретна постапка.**

2. Во **Одделот претходна постапка на организиран криминал и корупција** во работа имало вкупно 522 предмети, од кои:

Јавниот обвинител, од вкупниот број на предмети, во 116 предложил определување мерка за обезбедување присуство согласно одредбите од ЗКП, па така во 83 предмети предложил определување мерка притвор во траење од 30 дена, од кои во 81 предмет предлогот бил прифатен од судиите на овој суд, а во 2 предмети предлогот за притвор бил одбиен и биле опредлени побалги мерки за претпазливост.

Во 33 предмети обвинителот предложил определување мерка притвор во скратена постапка во траење од 8 дена од кои во 31 предмет предлогот бил уважен, а во 2 предмети предлогот не бил прифатен и судиите определелие мерка куќен притвор во еден предмет и побалга мерка за претпазливост во дргиот предмет.

Мерка притвор во скратена постапка во траење од **8 дена** по предлог на обвинителството бил определна според основите од член 470 ст.1 т.1 и 470 ст.1 т.1 и ст. 2т.2 од ЗКП.

Додека притворот по предлог на обвинитеслтвото во траење до **30 дена,** во најголем процент од предметите била определна по сите три основи од член 165 ст 1, точка 1,2 и 3. Во оваа година во овој оддел само во еден предмет против 1 лице е определан мерка притвор по предлог на обвинитеслтвото во кој предлог не е содржан основот од точка 1 односно опасност од бегство.

Останатите 406 предмети, се предмети оформени по предлози на странки а по однос на други дејствија по кои е надлежен да одлучува судија на претходна постапка.

**Притворот во понатамошниот тек на постапката бил укината, продолжена или заменета за поблаги мерки во зависност од потребите за обезбедување присуство во конкретна постапка.**

**3. Што се однесува до предлозите на Обвинителството за определување мерка притвор при одлучување на Кривичните совети за предмети за повторување на постапка, најчесто предлозите биле одбивани од страна на судот. Па така:**

Според статистиката за **2014 година**,

- За 193 лица судот го одбил предлогот за определување мерка притвор и определил превентивни мерки,
- За 47 лица судот го одбил предлогот за определување на мерка притвор и не опредлел ниту превентивни мерки,
- За 109 лица судиите утврдиле дека мерката притвор е неопходна за обезбедување на присиство на обвинтиот во конкретна постапка, па предлогот на обвинителството бил прифатен.

**Појаснуваме дека во јавноста изминатиот период се шпекулира со статистика на невладини организации и експерти дека колку предлози за притвор биле поднесени од обвинителството толку и биле прифатени од судот, што е неточно бидејќи не сите предлози поднесени од Јавното обвинителство се прифатливи за судот водејќи сметка за општите одредби од член 144 од ЗКП каде се наведува дека не треба да се применат потешки мерки**

**за обезбедување доколку истата цел може да се постигне со поблаги мерки, и особено треба да се има предвид и да се направи компарација на вкупниот број на постапки кои се водат пред овој суд поведени од Јавното обвинитеслство, само во одреден помал дел на постапки се предложени некакви мерки за обезбедување присуство на обвинетиот за потребите на кривичната постапка, за кои обвинителството сметало дека се основани, а судот ги ценел, што покажува и наведената статистика.**

**Табеларен приказ:**

**2015**

| | Предмети во работа | Предмети во кои ЈО предложил мерки за обезбедување | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор | Предмети во кои е предложен и прифатен куќен притвор | Предмети во кои е предложена и прифатена др. Поблага мерка |
|---|---|---|---|---|---|
| Одд.На претходна постапка | 940 | 151 | **121**<br>Прифатени - **116**<br>Одбиени со др. Мерки - **5** | / | 30 |

| | Предмети во работа | Предмети во кои ЈО предложил мерки за обезбедување | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор 30 дена. | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор 8 дена. | Предмети во кои е предложени прифатен куќен притвор | Предмети во кои е предложена и прифатена др. Поблага мерка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. На ПП организиран криминал и корупција | 590 | 144 | 80<br>Прифатени - 74<br>Одбиени со др. Мерки - 6 | 48<br>Прифатени 43<br>Одбиени со др. Мерки - 5 | **1** | 14 |

| Предлози за притвор на КС при повторување постапка | Вкупно предлози | дбиен предлог со пределена поблага мерка | дбиен притвор ез др. Мерка | рифатен предлог за ерка притвор |
|---|---|---|---|---|
| | 194 | 102 | 41 | 51 |

2014

| | Предмети во работа | Предмети во кои ЈО предложил мерки за | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор | Предмети во кои е предложени прифатен | Предмети во кои е предложена и прифатена |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | обезбедување | | куќен притвор | др. Поблага мерка | |
| Одд.На претходна постапка | 994 | 194 | **163**<br>Прифатени - **155**<br>Одбиени со др. Мерки **- 8** | 1 | 30 | |
| | Предмети во работа | Предмети во кои ЈО предложил мерки за обезбедување | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор 30 дена. | Предмети во кои ЈО предложил мерка пиртвор 8 дена. | Предмети во кои е предложени прифатен куќен притвор | Предмети во кои е предложена и прифатена др. Поблага мерка |
| Одд. наПП организиран криминли и корупциа | 522 | 116 | 83<br>Прифатени - 81<br>Одбиени со др. Мерки - 2 | 33<br>Прифатени – 31<br>Одбиени со др. Мерки - 2 | **/** | / |
| Предлози за притвор на КС при повторување постапка | Вкупно предлози 349 | Одбиен предлог со пределена поблага ерка 193 | Одбиен притвор ез др. Мерка 47 | Прифатен предлог за ерка притвор 109 | | |